| | |
|---|---|
| Предлагач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Претставници: | м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии,<br><br>проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и<br><br>проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| Повереници: | д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии,<br><br>Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука и<br><br>Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии |

Предлог на закон
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова–КфВ по Договорот за заем за финансирање на проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија, фаза 2, по скратена постапка

Скопје, јануари 2026 година

ВОВЕД:
I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:
Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија, кој се финансира со заем од Кредитната банка за обнова – КфВ во износ од 20 милиони евра и грант средства од ЕУ во износ од 4,785 милион евра, опфаќа рехабилитација на државните студентски домови, со посебен акцент на зголемување на енергетската ефикасност на истите, како и обезбедување основни услови за престој во истите.

Со овој Проект опфатени се 9 државни студентски домови: „Стив Наумов“ - Скопје, „Кузман Јосифовски Питу“ - Скопје, „Томе Стефановски Сениќ“ - Скопје, „Браќа Миладиновци“ - Штип, „Народен херој Орде Чопела“ - Прилеп, „Никола Карев“ - Охрид, „Пелагонија“ - Скопје, „Кочо Рацин“ - Битола и мензата на студентскиот дом „Гоце Делчев“ - Скопје.

Проектот го спроведува Единица за имплементација, формирана во рамки на Министерството за образование и наука.

Со оглед на фактот дека обезбедените средства не се доволни за завршување на сите планирани проектни активности, се јави потреба од обезбедување на дополнителни средства за финансирање на овој проект како фаза 2. Исто така, Владата го проширува опфатот на овој проект, односно фаза 2 од истиот со вклучување на активности за реконструкција на основни и средни училишта со ресурсни центри, за ученици со посебни потреби, како и еден ученички дом во Велес. Овие објекти не се енергетски ефикасни и не е извршена реконструкција подолг временски период, а од друга страна училиштата не се прилагодени за ученици со ваков вид на потреби.

За таа цел, Владата на Република Северна Македонија на 42-та седница одржана на 31.12.2024 година, го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за образование и наука да достави барање до КфВ за обезбедување на средства во вкупен износ од 55.778.741 евра, од кои 40.000.000 евра заем и 15.778.741 евра грант. Ова барање е доставено до КфВ на 27.01.2025 година. Банката одговори позитивно во април 2025 година и извести дека како водечка меѓународна институција ќе додели грант средства преку инструментот WBIF-REEP+2 и на 11.7.2025 година Договорот за грант во износ од 5.500.000 евра е потпишан. Дополнително, КфВ додели грант во износ од 1,25 милиони евра и за истиот ќе се склучи Дополнителен договор за грант со КфВ.

Воедно, согласно барањето, а со поддршка на КфВ, во рамки на 11-от повик за апликации за инвестициски грантови во рамки на инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (ВБИФ), на 13.6.2025 година поднесена е апликација за инвестициски грант и грант за техничка помош во износ од 10,4 милиони евра (9,1 милион евра за инвестиции, остатокот за техничка помош и провизии за грантот) за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2. Апликацијата е во фаза на оценување и на почетокот на 2026 година се очекува известување од ВБИФ по однос на одобрување на истата.

Преговорите по однос на текстот на Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Кредитната банка за обнова – КфВ, а со цел обезбедување на заемот во износ од 40.000.000 евра, се

завршени на 25.11.2025 година. Усогласениот текст на Договорот за заем е даден во прилог на овој материјал.

Во рамки на овој проект предвидена е реализација на следните компоненти:

• Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија (36.819.466 евра)
Со Проектот се предвидува да се изврши енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови што вклучува зголемување на комфорот и подобрување на условите за живот на студентите, опремување на соби за студенти со посебни потреби, промена на водоводна инсталација во домовите и отстранување на причините за појава на влага во објектите, промена на комплетната електрична инсталација и поставување на енергетски ефикасни ЛЕД светилки, промена на инсталацијата за греење, комплетна промена на санитаријата, изработка на енергетски ефикасни фасади на објектите, поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија и сл.

Согласно утврдената динамика, реализацијата на работите е предвидена во 3 дела:
- Во првиот дел предвидена е реконструкција на студентските домови „Стив Наумов“ и „Кузман Јосифовски Питу“ во Скопје и истата е во тек;
- Во вториот дел е предвидена реконструкција на студентските домови „Томе Стефановски-Сениќ“ во Скопје, „Никола Карев“ во Охрид, „Браќа Миладиновци“ во Штип и „Народен херој Орде Чопела“ во Прилеп и
- Во третиот дел е предвидена реконструкција на мензата на студентскиот дом „Гоце Делчев“ во Скопје и на студентските домови „Кочо Рацин“ во Битола и „Пелагонија“ во Скопје.

• Реконструкција на училишта за ученици со посебни потреби и ресурсни центри (18.959.275 евра)
Со оваа компонента се предлага реконструкција на основни и средни училишта со ресурсни центри, за ученици со посебни потреби (со оштетен вид, со оштетен слух, пречки во развојот и др.), како и еден ученички дом во Велес, кои не се енергетски ефикасни и во кои не е извршена реконструкција подолг временски период, а од друга страна училиштата не се прилагодени за ученици со ваков вид на потреби. Во објектите нема лифтови за лица со попречености, нема простории за нега на лицата со посебни потреби и др.

Имајќи го предвид горенаведеното, за овој проект ќе се склучи Договор за заем, помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и КфВ, по што ќе се склучат и следните договори:
 Дополнителен договор за грант помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Министерството за образование и наука и КфВ и
 Изменет и преформулиран Посебен договор за имплементација на проектот, кој ќе се склучи помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за образование и наука и КфВ.

Предуслов за склучување на Договорот за заем со КфВ е усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19,

бр.151/21 и бр.12/25), во име на Република Северна Македонија, Договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен Закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:
Активностите со Проектот предвидуваат енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Република Северна Македонија.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на втората фаза на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија.

Оттука, Република Северна Македонија и Кредната банка за обнова - КфВ ќе склучат Договор за заем наменет за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2, во износ од 40.000.000 евра.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупниот износ на заемот кој ќе го додели КфВ изнесува 40.000.000 евра.
Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:
- Рокот за отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период до пет години.
- Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување.

Каматната стапка ќе биде варијабилна и ќе се пресметува како збир на:
- ЕУРИБОР за соодветниот период на камата и
- плус маргина која ќе се утврди на денот на склучувањето на Договорот за заем (на 28.11.2025 година изнесува 1.37%).

На 28.11.2025 година, каматната стапка изнесува 3.48%.
- Република Северна Македонија ќе и плати на Кредитната банка за обнова – КфВ еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.
- Република Северна Македонија ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова – КфВ провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот.
- Крајниот рок за повлекување на средства од заемот истекува на 30.5.2031 година.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ И ОБЈЕКТИ ЗА УЧЕНИЦИ/СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 2

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2

Член 1
Република Северна Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова – КфВ со заем во износ од 40.000.000 евра, наменет за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија - фаза 2.

Член 2
Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3
Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период до пет години.

Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување.

Република Северна Македонија ќе и плати на Кредитната банка за обнова–КфВ еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова–КфВ провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот.

Провизијата од ставот 4 на овој член ќе се плаќа полугодишно.

Член 4
Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за образование и наука.

Член 5
Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН:

Заемот за овој проект Република Северна Македонија ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

- Рокот за отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период до пет години.
- Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување.

Каматната стапка ќе биде варијабилна и ќе се пресметува како збир на:

- ЕУРИБОР за соодветниот период на камата и
- плус маргина која ќе се утврди на денот на склучувањето на Договорот за заем (на 28.11.2025 година изнесува 1.37%).

На 28.11.2025 година, каматната стапка изнесува 3.48%.

- Република Северна Македонија ќе и плати на Кредитната банка за обнова–КфВ еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.
- Република Северна Македонија ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова–КфВ провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот.
- Крајниот рок за повлекување на средства од заемот истекува на 30.5.2031 година.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 151/21 и 12/25), во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова–КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем, како и фактот дека не се работи за сложен и системски закон, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, предвидено е склучување на Договор за заем помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и КфВ.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договор за заем.

III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со Проектот се предвидува да се изврши енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови што вклучува зголемување на комфорот и подобрување на условите за живот на студентите, опремување на соби за студенти со посебни потреби, промена на водоводна инсталација во домовите и отстранување на причините за појава на влага во објектите, промена на комплетната електрична инсталација и поставување на енергетски ефикасни ЛЕД светилки, промена на инсталацијата за греење, комплетна промена на санитаријата, изработка на енергетски ефикасни фасади на објектите, поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија и сл.

Воедно, со проектот ќе биде опфатена и реконструкција на основни и средни училишта со ресурсни центри, за ученици со посебни потреби (со оштетен вид, со оштетен слух, пречки во развојот и др.), како и еден ученички дом во Велес, кои не се енергетски ефикасни и во кои не е извршена реконструкција подолг временски период, а од друга страна училиштата не се прилагодени за ученици со ваков вид на потреби. Во објектите нема лифтови за лица со попречености, нема простории за нега на лицата со посебни потреби и др.